18-19 juni '08





### РЕАКЦИИ НА АРТ-ТЕРОРОТ ВО „ПРЕС ТУ ЕГЗИТ“

# Зошто Небојша, а не Климе?

**■ Сегашните „цензори“ имаат уште поригиден пристап од „обвинетиот“ Небојша Вилиќ, сметаат македонски уметници од помладата генерација**

Весна Дамчевска

Ненајавениот проект на Весна Дунимагловска, која деновиве во галерискиот простор на „Прес ту егзит“, без дозвола на кураторите од галеријата го испиша графитот: „Nebojsa Vilik is dead“ во знак на протест поради цензурата во уметноста, предизвика серија реакции меѓу помладата генерација македонски уметници.

- Прашањето на цензурата во уметноста се совпаѓа со прашањето на постоењето селекција. Ситуацијава покажува дека од една страна не постои цензура - секој може да влезе во галерија и да прави таму што сака, а од друга страна, пак, дека цензура и тоа како постои - ако се споменува името на Небојша Вилиќ, кој сега не е во центарот на случувањата, односно не е активен како што беше кога беше директор на Сорос и кога сите, па и овие неколку уметници, зависеа од неговата селекција – вели уметникот Мирослав Стојановиќ-Шуки.

Тој смета дека името на Небојша Вилиќ не може да биде синоним за цензура во уметноста, особено не сега, кога „другите“ одлучуваат за тоа што ќе се изложува во галериите.

- Ако веќе им требало име и презиме, зошто графитот не гласел „Климе Корбар е мртов“, на пример. И името му е и поубаво и пократко. Небојша Вилиќ беше и полиберален од овие „цензори“ сега, кои имаат поригиден пристап кон уметниците. Кога одлучуваше Вилиќ, барем секоја недела имаше изложба, а сега ништо не се случува – вели Стојановиќ.



Спротивставени страни - Јане Чаловски, куратор во „Прес ту егзит“ и Весна Дунимагловска, креативен узурпатор на овој простор

Според уметницата Маја Стефановска, целата ситуација личи на економско-пропаганден трик, со кој едните („Прес ту егзит“) ќе си ја рекламираат галеријата, а другите (авторите на графитот) ќе кренат прав околу тоа што го работат.

- Малку е чудно што до вчера овие уметници работеа заедно со оние што ја водат галеријата, а сега, наводно, се во некаков конфликт. Аргументот на авторите на графитот дека кураторите не можат да одлучуваат што ќе биде изложено во една галерија уште пред да го видат делото е побиен со самото сознание дека токму оваа група уметници најчесто приложувале проекти „на ливче“, од кои не можело да се види како ќе изгледа делото со кое се конкурира – вели Стефановска.

Таа го поставува и прашањето дали галерискиот простор е соодветно место за графит, како дело што е јавна сопственост и кое можело да се направи на кој било ѕид.

- Графит може да стои и во галерија ама само ако поседува уметничка вредност, што во ситуацијава не е случај, Овој графит не само што не е уметност, дури не е ни актуелен, а уште помалку духовит – вели таа.

Според Виолета Симјановска, менаџер во културата, ваквите настани воопшто не го заслужуваат вниманието на јавноста.

- Сум била на многу изложби без никаква концепција, така што ова и не е баш најголемата глупост што сум ја видела. Мене само не ми е јасно зошто на вакви настани им се значење и приоритет и зошто воопшто и дискутираме за тоа. Како на пример, оној Красниќи, зошто толку да се пишува и зборува за него, наместо да се игнорира. Има многу повредни. случувања на кои треба да им се посвети внимание – вели Симјановска. □

## Скандал заради скандал или: Сакам цензура!

Дунимаглоска се дрзнува да зборува за некаквси цензура или терор во уметноста, во галерија што не ги заслужува овие навреди, велат претставниците на „Прес то егзит“ Христина Иваноска, Јане Чаловски и Билјана Тануровска.

- Дунимаглоска и самата е збунета од сопствената постапка, не сфаќајќи до крај дали и како создава уметност од сето тоа, па панично реагира повикувајќи на цензура. Основно е да научи, заедно со своите соработници, Талевски, Сарагиновски и Стевческа, дека преку флертот со концепти што не ги разбираат до крај, како што е цензурата во уметноста, конкретно во Македонија, не се создава уметност - велат во „Прес ту егзит“.

Според нив, најстрашно е што половични концепти од уметници одушевени од самите себе како критичари на една сцена, си земаа за право да се истакнат како револуционери, бунтувајќи се против нешто за кое ни самите не се до крај свесни. За жал, нема ништо ниту ново, ниту револуционерно во нивната практика, а Дунимагловска ни самата точно не знае зошто го користи графитот како медиум, ниту пак брендирањето на името на Небојша Вилиќ. Сето ова е најблиску до кукавичлук и неетичност, а најмалку е концептуална практика - велат претставниците на галеријата, чиј простор беше злоупотребен. □